СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

# Образование по мерка на бизнисот



**Издавач**
Стопанска комора на Северна Македонија
Димитрие Чуповски 13
1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Автори**
м-р Наташа Јаневска
*Телефон: (02) 3244045, моб. 072 204 860*
*E-mail: natasa.janevska@mchamber.mk*

Михајло Донев
*Телефон: (02) 3244067*
*E-mail: mihajlo@mchamber.mk*

**Дизајн и графичко уредување**
Стево Серафимов

**Печати:**
„Киро Дандаро“ АД
Баница 3, Битола

# НАМЕСТО ВОВЕД

**Факти**

- Досегашните ефекти покажаа дека образованието не подготвува релевантен стручен кадар кој ќе може веднаш да се вклучи во работните процеси.
- Недостигот на вештини и на компетенции е еден од клучните проблеми за продуктивноста и за ликвидноста на компаниите.
- Неусогласеноста на понудата за вештини и компетенции со потребите на реалниот сектор е ограничувачки фактор за конкурентност на компаниите на домашниот и на меѓународниот пазар.
- Младите лица не поседуваат трансверзални вештини.
- Уписната политика не ги следи потребите на реалниот сектор на локално и на регионално ниво.
- Компаниите вложуваат дополнителни средства за обука на лицата кои се вработуваат.

**Оттука, Стопанската комора на Северна Македонија, како еден од врвните приоритети во своето работење, ја издвојува реформата во образованието.**



## Цели

- Создавање квалификуван кадар со стручни вештини и компетенции според потребите на компаниите.
- Создавање функционално и пазарно ориентирано стручно образование.
- Доближување на стопанството и образованието на локално и на регионално ниво за обезбедување квалитетно стручно образование и обука.
- Реализација на практична обука во компаниите (учење преку работа) и дуален модел на образование за обезбедување кадар за потребите на компаниите.
- Доквалификација и преквалификација на кадарот според програми за обука усогласени со барањата на компаниите.

## Клучни приоритети

1. Преструктуирање на образовниот систем за создавање стручен и квалификуван кадар.
2. Хармонизација на законската регулатива во областа на образованието.
3. Системско уредување на дуалниот модел на образование.
4. Креирање релевантна уписна политика според потребите на реалниот сектор.
5. Надминување на јазот меѓу понудата и побарувачката на вештини и на компетенции.

# Активности на Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со компаниите членки на Комората

## I. Изработка на анализи за следење на состојбите со потребата од квалификации според региони, како основа за донесување релевантни решенија и заклучоци во областа на образованието

### 1. *Анализа за предвидување на потребите на пазарот на трудот*

***Цел:*** согледување на реалната состојба за потребата од квалификации според плански региони, дејности и според сектори на квалификации за обезбедување обуки за доквалификација и за преквалификација преку Оперативниот план за вработување.

За да се изработи анализата, потребна е помош од компаниите од сите дејности, во која ќе ги прикажат реалните потреби од вештини и од квалификации, можност за отворање нови работни места и учество во реализацијата на практичната обука на учениците.

### 2. *Анализа со економски показатели за отворање Регионални центри за стручно образование и обука за специфични струки во петте плански региони*

***Цел:*** рационализација на мрежата на стручните училишта и отворање Регионални центри за стручно образование и обука со специфични квалификации за образување кадар според потребите на компаниите на локално и на регионално ниво.

При реализацијата на практичната обука во регионалните центри, компаниите на локално и на регионално ниво треба да се партнери и активно вклучени во процесот.

## II. Вклучување на компаниите во хармонизирањето на законската регулатива и во креирањето на уписната политика

***Цел***: системско уредување на дуалното образование, учење преку работа и обезбедување квалификации во согласност со потребите на компаниите

Образованието треба да е флексибилно и да одговара на потребите на компаниите. Преку вклученост на компаниите во креирањето на уписната политика на локално ниво и преку измена на законите од областа на образованието може да се креира образование кое е флексибилно и кое одговара на потребите на компаниите. За постигнување на целите неминовно е поедноставувањето на процедурите и процесите за стекнување квалификации.





## III. Изработка на нови образовни програми за стекнување квалификации и креирање стандарди на занимања и стандарди на квалификации според потребите на компаниите

***Цел***: креирање нови квалификации и модернизирање на постојните квалификации според потребите на компаниите на локално и на регинално ниво.

Компаниите, преку Стопанската комора на Северна Македонија, можат да побараат да се изработат нови образовни програми за квалификации според нивните потреби, кои ќе се учат во средните училишта на локално ниво.




## IV. Вклучување на компаниите во реализацијата на практичната обука на ученици (учење преку работа, дуален модел на образование и феријална практика) и подигање на квалитетот на практичната обука

***Цел:*** отворање на вратите на компаниите за соработка со средните стручни училишта за реализација на практичната обука на ученици.

Преку вклученост на компаниите во реализацијата на практичната обука на ученици се дава можност за создавање нов стручен кадар, кој ќе ги има потребните знаења и вештини што ги бара една компанија, истовремено давајќи и' можност на компанијата да обликува кадар во согласност со своите потреби, технологија, процеси и опрема.

***Цел:*** креирање нови квалификации и модернизирање на постојните квалификации според потребите на компаниите и реализација на практична обука во компанија преку концептот учење преку работа или дуалниот модел на образование за стекнување стручни и практични вештини на учениците.

Преку соработка на компаниите и стручните училишта ќе се обезбедува стручен кадар, кој ќе биде лесно вработлив во компаниите.







## V. Сертифицирање ментори

***Цел:*** стручен кадар од компаниите подготвен за работа со ученици

За квалитетна и за безбедна практична обука, компаниите треба да поседуваат ментори, лица вработени во компаниите, кои ќе им помагаат и кои ќе се грижат за учениците при практичната обука во компанијата, ќе ги водат низ работните процеси и ќе им го пренесуваат своето знаење и искуство.

Истовремено ќе ги подготват учениците за безбедност при работењето во компанијата.

Стопанската комора на Северна Македонија организира обуки за ментори (Закон за стручно образование и обука), како услов за верифицирање на компаниите.

## VI. Верифицирање компании за практична обука

***Цел:*** квалитетна и безбедна практична обука за ученици

За реализација на практичната обука компанијата мора да ги исполнува следните услови:

1. кадар (сертифициран ментор) и
2. просторни услови за дадената квалификација.

Стопанската комора на Северна Македонија врши верификација на компаниите за практична обука. (Закон за стручно образование и обука)

### Процес на примена на учење преку работа и на дуален модел на образование (процес од 11 чекори)



## VII. Платформа за сертифицирани ментори, верификувани компании и за ученици од стручни училишта

***Цел:*** воспоставување транспарентен пристап до информации за ментори, верификувани компании, ученици, средни стручни училишта и за видови квалификации

Процесот на обезбедување кадар може да тече доколку имаме навремени информации за сите учесници, што ќе се остварува преку заедничка платформа.

На платформата ќе се регистрираат сертифицираните ментори од компаниите, верификуваните компании за практични обука, стручните училишта, бројот на ученици за практична обука за определениот вид квалификации, слободните места на компаниите за практична обука и видот






практична обука. Системот овозможува транспарентност, брза комуникацијата и подобрена соработка меѓу сите чинители.







## VIII. Креирање посебни програми за побаруваните вештини и занимања за подготовка на стручен кадар преку неформалното образование

***Цел:*** брз и квалитетен начин на обезбедување стручен кадар и на краток рок

Стопанската комора на Северна Македонија, на барање на компаниите, може да изработи посебни програми според нивните потреби и да ја организира обуката на кадарот во нивните компании, како спој на теоријата и праксата.

## IX. Информирање на бизнис-заедницата за сите новости, иницијативи, мислења и соработки од областа на образованието

***Цел:*** афирмација на квалитетно стручно образование и обука преку соработка со компаниите

Редизајнираниот сајт на Стопанската комора на Северна Македонија дополнително го истакнува значењето на доменот образование, во насока на запознавање на компаниите со актуелните состојби и реформи во образованието, со ставовите на Комората и со активностите што ги иницира таа во насока на креирање квалитетно стручно образование и обука.



## ПРОЕКТИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## 1. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (Е4Е@мк)

Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија" има цел да овозможи младите и возрасните лица да се стекнат со квалитетно стручно образование и со обука, преку развој на стручни вештини, кои ќе придонесат за зголемено вработување во земјата.

Проектот е поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) во Република Северна Македонија, а применет од „ХЕЛВЕТАС" Северна Македонија, Македонскиот центар за граѓанско образование и од Стопанската комора на Северна Македонија.

Опфаќа 3 компоненти.

1. *Неформално стручно образование и обука*

***Цел:*** подобрување на понудата на обуки за неформално образование, каде што примарни корисници се младите невработени лица, вклучително и лицата од ранливите категории.

2. *Формално стручно образование и обука*

***Цел:*** подобрување на формалното средно стручно образование, преку зајакната соработка и партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор, за пазарно ориентирано стручно образование.

3. *Регулатива*

***Цел:*** зајакнување на клучните институции за создавање поповолна рамка за обезбедување и за пристап до пазарно ориентирано и инклузивно стручно образование и обука.

**Активности:**


Проект на:
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Имплементиран од:
HELVETAS NORTH MACEDONIA
MACEDONIAN CIVIC EDUCATION CENTER
СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

**ВОНРЕДНИ ПРЕДЛОЗИ**
UNSOLICITED PROPOSALS

ШЕМА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ПРЕДЛОЗИ ОД СТРАНА НА E4E@МК

ПРАШАЊА
ОДЛУКИ
Дали овој предлог може да се финансира во рамки на мерките од Оперативниот План (ОП) на МТСП?
Д
E4E@mk го советува апликантот да аплицира во рамки на мерките од ОП
Н
Дали предлогот генерира повеќе од 30 вработувања?
Д
E4E@mk го поддржува апликантот
Н
Дали апликантот е здружение или група на системски актери од еден или повеќе сектори со потенцијал за вработување?
Д
E4E@mk го поддржува апликантот
Н
Дали предлогот нуди иновативни и ветувачки мерки за вработување кои претходно не биле реализирани во одредено поле/сектор/индустрија?
Д
E4E@mk го поддржува апликантот
Н
E4E@mk НЕ го поддржува апликантот

Имајќи го предвид зголемениот интерес од страна на потенцијалните партнери за соработка со проектот E4E@мк, во Компонента 1 – Неформално стручно образование и обука, единицата за управување со проектот изготви кратка шема, односно водич кој ќе послужи како рамка при процесот на селекција за финансирање на предлогот.

Генерална забелешка е дека активностите содржани во предлогот треба да водат кон вработување на обучените лица, или да водат кон подобрување на системот на неформално стручно образование и обука.

**Начин на аплицирање:** Краток опис на предложените активности (не повеќе од една страна), како и буџет (вкупна сума на предлогот) треба да се испратат на следната е-адреса: Boris.Trimcev@helvetas.org со назнака "Unsolicited proposal".

**Чекори на селекција:** При процесот на селекција најпрво се гледа можноста предлогот да биде финансиран согласно мерките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Доколку е тоа можно апликантот се поврзува со одговорното лице во Агенцијата за вработување.

Доколку доставениот предлог не може да се поддржи со некоја од мерките, се оценува можноста за вработување на обучените лица. Доколку станува збор за вработување над 30 лица, задолжените лица од проектот E4E@мк отпочнуваат комуникација со апликантот и се координираат за финансирање на предлогот.

Во случај доставениот предлог да не генерира повеќе од 30 директни вработувања, се зема предвид дали апликантот е здружение/здруженија или група од системски актери (институции, училишта, компании, тренинг центри и сл.), кои припаѓаат на еден или повеќе економски сектори, и имаат цел во иднина да реализираат повеќе обуки, а следствено на тоа и зголемен број на вработувања. Во тој случај задолжените лица од проектот E4E@мк отпочнуваат комуникација со апликантот и се координираат за финансирање на предлогот.

Доколку доставениот предлог не може да биде поддржан согласно претходно споменатиот критериум, се зема предвид иновативноста на предлогот. Имено, доколку станува збор за предлог активности кои се нови, иновативни, дотогаш не реализирани на пазарот и водат кон одржливо вработување на лицата, во тој случај задолжените лица од проектот E4E@мк отпочнуваат комуникација со апликантот и се координираат за финансирање на предлогот.

- Понуда од 15 пазарно ориентирани програми за квалификации – можност за учество на компаниите во реализацијата на практичната обука во рамките на програмите за обука и дополнително обучување кадар за нивните потреби.
- Измени на законската регулатива – можност за олеснување на процесите за обезбедување стручен кадар за потребите на компаниите.
- Саем за вработување – вмрежување компании и училишта и претставување на спецификите и на работните задачи на занимањата во компаниите, во насока на подигање на атрактивноста на стручното образование.
- Финансирање предлози за обезбедување стручен кадар, со што активностите содржани во предлогот треба да водат кон вработување на лицата кои учествувале во обуката или да водат кон подобрување на системот на неформално стручно образование и обука.

**Дополнителни информации на https://www.e4e.mk**

## 2. РЕГИОНАЛЕН ФОНД ЗА ПРЕДИЗВИЦИ

Регионалниот фонд за предизвици (Regional Challenge Fund) има цел да го унапреди стручното образование за стекнување релевантни стручни вештини и компетенции, за полесно вработување на младите и за обезбедување стручен кадар, преку финансирање инвестиции во установите за стручно образование и обука и во компаниите, за:

- **набавка на опрема, машини и технологија;**
- **изградба и реновирање на работилници и лаборатории;**
- **обука за професионален развој на наставници и на ментори во компании и**
- **набавка на средства за обука.**

Фондот е овластен од германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ), а делегиран од Германската банка за развој (KfW.) Се спроведува преку Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан 6 (Western Balkans 6 Chamber Investment Forum). Преку Фондот за нашата земја се одобрени **2,5 милиони евра** за проекти за унапредување на стручното образование и обука.

## КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА ЗА ПОДДРШКА ОД ФОНДОТ?

Конзорциуми составени од:

- една установа за стручно образование и обука (стручни училишта кои поседуваат решение за верификација за одреден образовен профил/квалификација и приватни понудувачи на образовни услуги кои поседуваат решение дека програмите и институцијата им се верификувани) и

- најмалку две компании (имаат подмирени обврски и покажуваат позитивни резултати во работењето).

Конзорциумите можат да аплицираат за **грантови во износ од 150.000 до 600.000 евра.**

## *КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ?*

Конкурсот за пријавување ќе биде отворен еднаш или двапати годишно. **Првиот повик е отворен од 1 февруари 2021 година и ќе трае до 30 април 2021 година.**

Заинтересираните конзорциуми треба да достават **изјава за интерес.** **Аплицирањето се врши** по електронски пат, до Комисијата за селекција, составена од меѓународни експерти.

Избраните конзорциуми ќе бидат поканети да достават **предлог-проекти.**

- **Процес на аплицирање и селекција**

Процесот на аплицирање и селекција се спроведува во четири фази.

1) ***Повик за изразување интерес*** – процесот на аплицирање и селекција започнува со повик за изразување интерес.

2) ***Изразување интерес и проценка*** – сите заинтересирани и подобни конзорциуми за стручно образование и за обука доставуваат изјава за интерес преку отворениот повик за изразување интерес. Следува проценка на оние што учествувале во повикот, врз основа на претходно утврдените критериуми за подобност.



3) ***Предлог-проект и одобрување апликација за грант*** – ако изјавата за интерес се прифати преку процесот на проценка, конзорциумот аплицира за грант и поднесува сеопфатен предлог-проект во рок од 90 календарски дена по приемот на информацијата за успешна претквалификација. Потоа, предлог-проектот се оценува и се проценува пред да се одобри.

4) ***Преговори за договорот за финансирање*** – по прифаќањето на предлог-проектот се преговара и се склучува договор за финансирање меѓу Регионалниот фонд за предизвици и конзорциумот за стручно образование и за обука.




**Фази на аплицирање**

**Пакет документи за аплицирање:**

- Изразување интерес
- Формулар за аплицирање
- Насоки за проектни предлози
- Проектен предлог

**Повеќе информации за процесот на апликација и селекција на линкот** https://rcf-wb6.org